**Тековни проекти финансирани од Банката за развој при Советот на Европа**

состојба на 03.07.2014 година

| Назив на Проект | Цел на Проектот | Вредност на заем (Мил. Евра) | Година на Почеток на Проектот | Година на завршу-вање на Проектот |
|---|---|---|---|---|
| Проект за изградба на фискултурни сали во средните училишта | Овој Проект е дел од Проектот за изградба на 145 фискултурни сали во основните и средни училишта.<br>Проектот за изградба на фискултурни сали во средните училишта, има за цел изградба на фискултурни сали во средните училишта кои не располагаат со истата. Дополнително, целта на овој Проект е усогласување на нивото на физичкото образование во Република Македонија со препораките на Советот на Европа, кои ги имаат предвид значењето на физичкото образование во основните и средните школи, како начин за подобрување на перформансите на учениците во однос на предметите кои ги изучуваат, долгорочното подобрување на нивното здравје и поттикнување на социјална интеракција меѓу учениците со различна припадност и способност. | 12,5 | 2008 | 2018 |
| Проект за домување на социјално ранливи групи | Главна цел на Проектот е обезбедување на пристап до соодветно домување и борба против сиромаштијата и социјално исклучување. Дефинирани се 6 целни групи, кои ќе бидат подобни да ги користат овие станови: деца без родители над 18 години; невработени лица и лица корисници на социјална помош; жители на региони погодени од природни катастрофи;инвалидизирани лица или домаќинства кои имаат инвалидизирано лице; социјално загрозени лица припадници на ромската популација; и самохрани родители со малолетни деца. | 25,35 | 2010 | 2017 |
| Проект за реконструкција и доградба на објектите на јавните здравствени установи – фаза 1 | Главна цел на Проектот е надминување на под-оптималниот изглед на објектите на јавните здравствени установи и подигнување на квалитетот на здравствена заштита на македонските граѓани, како дел од целокупната реформа која се спроведува во здравствениот сектор. Со реализацијата на овој Проект ќе се надмине проблемот со застарената медицинска инфраструктура и опрема во 20 ЈЗУ. | 23 | 2010 | 2014 |
| Проект за реконструкција на казнено-поправни институции | Целта на Проектот е да се развие и надгради казнено-поправната инфраструктура, преку подобрување на физичките услови во затворите како за затворениците така и за вработените, обезбедување на поголем капацитет на кривично-поправниот и воспитно-поправниот систем и подобрување на почитувањето на човековите права од страна на казнено-поправните установи во согласност со европските стандарди и затворските правила. | 46 | 2010 | 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Проектот за изградба на фискултурни сали во основните училишта и рехабилитација на основните и средните училишта во Република Македонија | Проектот  има за цел унапредување на физичкото образование, како и подобрување на севкупните услови за учење на учениците во основните и средните училишта. Овој Проект се состои од две компоненти: 1) изградба и опремување на 70 фискултурни сали во основни училишта во насока на подобрување на физичката подготвеност и здравјето на учениците, а со тоа и нивната способност за исполнување на образовните цели и обврски; и 2) реновирање на околу 240 основни и средни училишта во насока на обезбедување соодветна околина за образовната дејност. | 30 | 2011 | 2018 |